ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

**ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ТРЕНЕРСКИОТ КОМИТЕТ И ТЕНИСКИТЕ ТРЕНЕРИ

# 2021

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

2. ТРЕНЕРСКИОТ КОМИТЕТ

3. ЕДУКАЦИЈА, НИВОА НА ТРЕНЕРСКА ЕДУКАЦИЈА И СЕРТИФИКАТИ

4. УЧЕСТВО И ПРИЈАВА НА КУРСЕВИ

5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ, ЛИЦЕНЦИ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ

6. ТУТОРИ/ПРЕДАВАЧИ И ЕДУКАЦИЈА НА ТУТОРИ/ПРЕДАВАЧИ

7. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ТРЕНЕРИ

8. ПРИЗНАВАЊЕ НА НИВО НА ПРИМАРНА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

9. ОДГОВОРНОСТ НА ТРЕНЕРСКИОТ КОМИТЕТ

10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## 1. ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се опфаќаат сите правила и прописи врзани за Тренерскиот комитет како тело составен дел од Организационата шема на Тениската Федерација на Северна Македонија (ТФСМ).

**Член 2**

Во овој правилник се опфатени:

- Тренерскиот комитет како тело од Организационата шема на ТФСМ, негови задачи и обврски
- Едукација, видови и нивоа на едукација
- Сертифицирање и сертификати
- Начин и критериуми за пријавување на курсевите за секое ниво
- Процедурата за лиценцирање и продолжување лиценци
- Тутори и едукација на тутори
- Специјализација за секое ниво
- Признавање на ниво на едукација за тренери едуцирани во други федерации

## 2. ТРЕНЕРСКИОТ КОМИТЕТ

**Член 3**

Тренерскиот комитет е тело кое е составен дел од Организационата шема на ТФСМ. Како главна задача на комитетот е да ги спроведува сите прописи врзани за тренерите и нивна континуирана едукација и да се грижи за правата на тениските тренери и да ги остваруваат и усогласуваат поединечните со општите и заедничките интереси во омасовувањето и развојот на тенискиот спорт.

**Член 4**

Тренерскиот комитет е составен од претседател и четири членови кои Управниот Одбор на ТФСМ ги потврдува секоја година со донесување на одлука.

**Член 5**

Тренерскиот комитет, својата програма ја усогласува со статутот и другите акти на ТФСМ и доставува месечен извештај до лицето кое е номинирано од Управниот одбор на ТФСМ. На крајот од годината до Управниот одбор на ТФСМ доставува годишен извештај, програма за следната година и буџет потребен за функционирање на комитетот.

**Член 6**

Претседателот на тренерскиот комитет е хонорарно платена функција согласно одлуката на Управниот одбор на ТФСМ за секоја година. Претседателот на тренерскиот комитет е должен за:

- реализирање на утврдената програма за развој на тениските тренери;
- усогласување и координирање на клупските програмски активности на лиценцираните тениските тренери во реализирање на програмата на тренерскиот комитет при ТФСМ;
- организирање и спроведување на системот на едукација и унапредување на стручната работа;
- поддршка во организирање и спроведување на системот на натпревари.

**Член 7**

Тениските тренери кои работат во тениските клубови во Република Северна Македонија се стручни лица кои имаат завршено:

- Најмалку вишо образование во областа на спортот и примарна едукација во ТФСМ, или стекнато лиценци добиени од Интернационална Тениска Федерација;
- Примарна едукација во ТФСМ утврдена во член 10, табела 1 на овој правилник.

Спортски тренинг и натпревари на репрезентациите на државните спортски федерации, можат да водат само стручни лица кои ги исполнуваат условите утврдени во ставот 1 на овој член.

**Член 8**

Стручно лице - професионален тренер може да води спортски тренинг и натпревари во сите степени на натпреварување, доколку ги исполнува условите утврдени со овој правилник.
Стручно лице - странец може да води спортски тренинг и натпревари во највисокиот степен на натпревари, доколку ги исполнува условите утврдени со овој правилник, и има склучено професионален договор со клубот.

## 3. ЕДУКАЦИЈА, НИВОА НА ТРЕНЕРСКА ЕДУКАЦИЈА И СЕРТИФИКАТИ

**Член 9**

Тренерскиот комитет преку своите едуцирани тутори (Точка 6) ја спроведува програмата за примарна и континуиранатa едукација на тениските тренери согласно програмата на ТФСМ.
Под примарна едукација се подразбира едукацијата која тренерите ја остваруваат со посета на курсеви согласно програмата ма ТФСМ и на ИТФ. Системот на примарна едукација е појаснет во Член 10, табела 1 од овој правилник.
Под континуирана едукација се подразбира едукацијата на секој тренер откако ќе ја заврши примарната едукација (Член 10, табела 1) и Член 14 од овој правилник.

**Член 10**

Табела (1), за видови на курсеви кои се користат за примарната едукација согласно едукативниот систем на ТФСМ и согласно програмата на ИТФ каде се појаснети имињата на курсевите, клучните компетенции кои се стекнуваат и бројот на саати:

| Ниво и назив на курс дел од примарната едукација | Клучни компетенции | Минимален број на саати |
|---|---|---|
| Курс ‘Играј тенис‘ (ITF Play Tennis Course) | • Работа со почетници (ITN10) и деца под 10 години<br>• Познавање на основите на тактиката и техниката<br>• Организација на едноставни натпревари<br>• Употреба на соодветна опрема и големини на терени кај почетниците | 32 саати |
| Курс за тренирање почетници и средно ниво на играчи – Ниво 1 (ITF Coaching Beginner & Intermediate Players Course – formerly Level 1) | • Работа со играчи со ниво до ITN 6<br>• Разбирање и способност да употребува основни принципи на тренинг потребни за тренирање играчи од почетно и средно ниво | 80 саати |

| | | |
|---|---|---|
| Курс за тренирање напредни играчи – Ниво 2 (Coaching Advanced Players Course – formerly Level 2) | • Работа со играчи со ниво до ITN 3<br>• Разбирање и способност да ги употребува потребните принципи за тренирање играчи од почетно, средно и напредно ниво<br>• Да планира тренинг и програм за турнири за напредни играчи | 80 саати |
| Курс за тренирање високо ниво на играчи – Ниво 3 (Coaching High- Performance Players Course – formerly Level 3) | • Работа со високо ниво на играчи до ITN 1<br>• Разбирање и способност да креира тренинзи потребни за да им помогне на високо ниво на играчи технички, тактички, физички и психолошки<br>• Да планира и организира распоред за турнири за високо ниво на играчи | 88 саати |

**Член 11**

Секој тренер кој учествува на курс за тренери дел од примарната едукација или семинар за континуирана едукација добива сертификат за учество во соодветниот курс или семинар.
Тренерот кој успешно ги положил сите тестови и задачи и достигнал компетентно ниво за одреден курс дел од примарната едукација добива сертификат за положен испит со кој се стекнал со Нивото кое го изучувал и положил.
Изгледот на сертификатите е согласно наведениот опис:

а) Сертификатот за посетување курс дел од примарната едукација изгледа: Во горниот дел па надолу пишува: Тениска Федерација на Северна Македонија, програма за едукација на тренери, логото на ТФСМ, СЕРТИФИКАТ, ниво на едукација, име на тренерот/кандидатот, информација за учество на курсот доколку тренерот не ги положил тестовите или информација дека тренерот ги положил сите тестови и задачи доколку тренерот положил, следуваат: име на курсот, датум на одржување, организатор, место на одржување, број на саати, логото на ITF Coaching а до логото со намалени букви пишува: (Материјалите употребени во курсот и саатите поминати со туторот/наставното оптоварување се одобрени од ИТФ. Сертификатот е признат од Федерацијата која го издава и од Интернационалната Тениска Федерација), во долниот дел на сертификатот стојат информациите за лицата кои го потпишуваат (претседател на федерација, претседател на тренерски комитет и главниот тутор/предавач).

б) Сертификатите кои се добиваат за учество на семинар за континуирана едукација или семинар за потсетување е со истиот изглед како семинарот за учество на курсеви од примарна едукација со тоа што: под текстот СЕРТИФИКАТ е наведена темата/те застапени на семинарот, под бројот на саати се наведени и поените/кредитите кои тренерот ги добива кои понатаму тренерот ги користи за: континуирана едукација, продолжување на лиценца и специјализација (Точки 5 и 7 од овој правилник).

## 4. УЧЕСТВО И ПРИЈАВА НА КУРСЕВИ

**Член 12**

Пријава на курсевите кои ги организира ТФСМ дел од примарната едукација се отворени за сите заинтересирани кои ги исполнуваат критериуми за секое ниво посебно. Пријавувањето за курсот се извршува по објавата на курсот по пат на е-маил до сите клубови членки на ТФСМ и информацијата на официјалните WEB и Facebook страни на ТФСМ согласно наведените критериуми во самата објава кои се дел од Член 13 на овој правилник.

**Член 13**

Кандидатите можат да се пријават на курсевите за примарна едукација согласно следните критериуми:

а) Курс ‘Играј тенис‘:

- Кандидати со навршени 16 години и постари, кои почнуваат со тренерска работа и одбрале да бидат тренери
- Учители од училишта, асистенти на тренери, волонтери и родители кои имаат малку или се без искуство
- Искусни тренери кои сакаат да добијат повеќе идеи како да ги организираат и тренираат младите тенисери и возрасните почетници
- Кандидатите кои ги имаат уплатено средствата за курсот и за лиценца за тековната година согласно актуелните одлуки за таа година

б) Курс за тренирање почетници и средно ниво на играчи – Ниво 1:

- <u>Возраст:</u> Кандидатите треба да имаат навршени 17 години
- <u>Физичко и здравствено ниво:</u> кандидатите треба да имаат физичко и здравствено ниво како би можеле физички да одговорат на потребите на курсот.
- <u>Квалификации</u>: не е потребна пред квалификација да се влезе во курсот.
- <u>Ниво на игра</u>: Кандидатите треба да имаат минимално ниво на игра согласно компетенциите (способност да префрлуваат/спарингуваат/демонстрираат/ додаваат топчиња на напредни почетници и средно ниво на играчи). Да имаат одлично ниво на игра на тестот за играчка способност од Курсот ‘Играј тенис‘.
- Кандидатите кои ги имаат уплатено средствата за курсот и за лиценца за тековната година согласно актуелните одлуки за таа година

в) Курс за тренирање напредни играчи – Ниво 2:

- <u>Возраст:</u> Кандидатите треба да имаат навршени 19 години
- <u>Физичко и здравствено ниво:</u> кандидатите треба да имаат физичко и здравствено ниво како би можеле физички да одговорат на потребите на курсот.
- <u>Квалификации</u>: Завршен курс за тренери од Ниво 1 и 2 годишно искуство како тренер од Ниво 1.
- <u>Ниво на игра</u>: Кандидатите треба да имаат напредно ниво на игра согласно компетенциите односно турнирско ниво на игра на национално ниво (способност да префрлуваат/спарингуваат со напредни играчи/да демонстрираат напредна техника/додаваат топчиња на напредни играчи). Да имаат одлично ниво на игра на тестот за играчка способност од Курсот Ниво 1.
- Кандидатите кои ги имаат уплатено средствата за курсот и за лиценца за тековната година согласно актуелните одлуки за таа година

г) Курс за тренирање високо ниво на играчи – Ниво 3:

- <u>Возраст:</u> Кандидатите треба да имаат навршени 23 години
- <u>Физичко и здравствено ниво:</u> кандидатите треба да имаат физичко и здравствено ниво како би можеле физички да одговорат на потребите на курсот.
- <u>Квалификации</u>: Завршен курс за тренери од Ниво 2 и 5 годишно искуство како тренер од Ниво 2.
- <u>Ниво на игра</u>: Кандидатите треба да имаат високо ниво на игра согласно компетенциите односно турнирско ниво на игра на национално и интернационално ниво (способност да префрлуваат/спарингуваат со професионално ниво на играчи / да демонстрираат напредна техника / додаваат топчиња на високо ниво на играчи согласно ситуацијата). Да имаат одлично ниво на игра на тестот за играчка способност од Курсот Ниво 2.

- Кандидатите кои ги имаат уплатено средствата за курсот и за лиценца за тековната година согласно актуелните одлуки за таа година

**Член 14**

На семинарите кои се за континуирана едукација или за потсетување на знаењето можат да се пријават сите тренери кои имаат завршено примарна едукација.

## 5. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ, ЛИЦЕНЦИ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ

**Член 15**

Лиценца преставува дозвола за работа во клубовите членови на ТФСМ која тренерот ја стекнува со посета на семинари во претходната година односно со собирање на поени/кредити од посетата на истите.

Изгледот и материјалот на изработка на лиценцата е: со максимална големина 8.5 x 5.5 сантиметри, на предната страна во горниот дел лево се наоѓа фотографијата на тренерот, до фотографијата десно е името и презимето на тренерот и датумот на раѓање, на десниот горен дел е логото на ТФСМ, во левиот долен дел се напишани, за која година е лиценцата, ниво на примарна едукација, број на лиценца, на десната долна страна е потпишан претседателот на тренерскиот комитет. На задната страна се наоѓа логото на ТФСМ а истата е резервирана за евентуален спонзор. Картичката е изработена од ПВЦ материјал.

**Член 16**

Продолжувањето на лиценцата се извршува секоја година а тренерите се стекнуваат со право на работа во следната година.

Тренерот кој веќе ја има поминато примарната едукација, во текот за една година потребно е да посетува семинари кои се организирани од Тренерскиот комитет на ТФСМ на кои ќе собере поени/кредити согласно листата на семинари која ја донесува секоја година ТФСМ во форма на одлука.

Доколку тренерот работи и живее во странство семинарите може да ги направи и таму а на крајот на секоја година да ги достави сертификатите за учество до Тренерскиот комитет како би биле ажурирани освоените поени/кредити.

На годишно ниво тренерот треба да оствари 10 поени/кредити.

Со продолжувањето на лиценцата тренерот се стекнува со добивање на код за бесплатно членство на платформата ITF-Academy/I-Coach, се стекнува со право за континуирана едукација, добивање на информации за најновите информации за тенисот, можност да аплицира на релевантните конкурси на ТФСМ и АМС.

**Член 17**

Лиценцата престанува да важи:

- Доколку тренерот во текот на две години не ги обезбеди потребните поени/кредити;
- Доколку тренерот во рок од две години не успее да ги обезбеди потребните поени/кредити потребно е да посетува семинар за обновување на примарната едукација во време траење од 4 дена кој е организиран од ТФСМ;
- Доколку тренерот во рок од 3 години не успее да ги обезбеди потребните поени/кредити истиот треба во целост да ја повтори својата примарна едукација со посетување на курс согласно нивото кое го поседува.

## 6. ТУТОРИ/ПРЕДАВАЧИ И ЕДУКАЦИЈА НА ТУТОРИ

**Член 18**

ТФСМ ангажира лица кои се туторите/предавачи кои можат да ја вршат примарната и континуираната едукација и кои имаат за задача да едуцираат тренери на најразлични нивоа. Дополнително ТФСМ ангажира лица кои се туторите/предавачи кои можат да вршат едукација на идни тутори/предавачи.

**Член 19**

Тутори/предавачи кои можат да вршат едукација на тренери или да вршат едукација на тутори/предавачи се лица со претходна тренерска едукација односно тренерско Ниво 2 или повисоко а се признаени од ИТФ, односно држеле курсеви за ИТФ за Ниво: 'Играј Тенис, Ниво 1 и Ниво 2 за тренери како и курсеви за Ниво: 'Играј Тенис, Ниво 1 и Ниво 2 за тутори.

Асистенти на тутори кои можат да бидат дел и да асистираат на туторите/предавачите во примарната едукација се лица со претходна тренерска едукација односно примарна едукација со тренерско Ниво 2.

**Член 20**

ТФСМ преку своите признаени тутори може да извршува едукација на тутори согласно програмите на ИТФ односно со организација на курсеви за тутори и практична работа појаснето во табела 2.

Табела 2:

| **Ниво и назив на курс дел од едукацијата на тутори** | **Назив на стекната едукација** |
|---|---|
| Едукација на тутори за ниво: 'Играј тенис' (ITF Play Tennis Tutors Course) | Тутор за курс: 'Играј тенис' (ITF Play Tennis Course) |
| Едукација на тутори за ниво: Тренирање почетници и средно ниво на играчи – Ниво 1 (ITF Coaching Beginner & Intermediate Players Tutors Course – formerly Level 1) | Тутор за курс: Тренирање почетници и средно ниво на играчи – Ниво 1 (ITF Coaching Beginner & Intermediate Players Course – formerly Level 1) |
| Едукација на тутори за ниво: Тренирање напредни играчи – Ниво 2 (Coaching Advanced Players Tutors Course – formerly Level 2) | Тутор за курс: Тренирање напредни играчи – Ниво 2 (Coaching Advanced Players Course – formerly Level 2) |

а. Изборот на кандидатите се врши согласно следните критериуми:

- Успешно завршено Ниво 2 или повисоко како тениски тренер со минимум 3 годишно работно искуство како тренер со нивото кое го поседува;
- Да биде на располагање за време на едукацијата и да има намера да работи како тутор во иднина;
- Да покажува ентузијазам и желба за работа;
- Високо играчко ниво (национално или интернационално), кандидатите ќе бидат тестирани за нивото на игра, додавање на топки на играчите и способност да демонстрира напредна техника;
- Кандидатите својата едукација ја започнуваат со основното ниво: Едукација на тутори за ниво: 'Играј тенис' (ITF Play Tennis Tutors Course) а својата едукација можат да ја продолжат со свое усовршување на следните повисоки нивоа.

б. Обуката за тутори за секое ниво трае најмалку 2 години односно практична работа на два курса. Лицето кое ќе биде избрано да влезе во системот за едукација како би се едуцирало за тутор потребно е:
- Да посетува курс за тутори организиран од ТФСМ или од ИТФ
- За нивото за кое ја врши својата обука, практично да асистира во водење на курс
- За нивото за кое ја врши својата обука, практично да биде главен тутор каде ќе биде оценуван согласно начинот на оценување во ИТФ

## 7. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ТРЕНЕРИ

**Член 21**

По завршување на примарната едукација тренерите можат да продолжат со континуирана едукација односно едукација со посетување на национални и интернационални семинари или конференции.

Започнувањето на специјализацијата започнува од денот кога тренерот ја завршил примарната едукација, а тренерот се стекнува со соодветната специјализација по доставување на сите документи согласно член 22 и 23 од овој правилник.

Нивоата и начинот за стекнување на одредена специјализација е објаснета во Табела 3.

Табела 3:

| **Ниво и назив на курс дел од примарната едукација** | **Назив на специјализацијата** | **Критериум за постигнување на наведеното ниво на специјализација** |
|---|---|---|
| Курс ‘Играј тенис‘ (ITF Play Tennis Course) | Високо ниво на тренер од Ниво ‘Играј тенис‘ – “Master of Play Tennis” | 30 поени/кредити и 3 години работно искуство или завршена виша тренерска или факултет од областа на спорт |
| Курс за тренирање почетници и средно ниво на играчи – Ниво 1 (ITF Coaching Beginner & Intermediate Players Course – formerly Level 1) | Високо ниво на тренер за: Тренирање почетници и средно ниво на играчи – Ниво 1 (Master of Coaching Beginner & Intermediate Players) | 50 поени/кредити и 5 години работно искуство или завршена виша тренерска или факултет од областа на спорт |
| Курс за тренирање напредни играчи – Ниво 2 (Coaching Advanced Players Course – formerly Level 2) | Високо ниво на тренер за: Тренирање напредни играчи – Ниво 2 (Master of Coaching Advanced Players) | 70 поени/кредити и 5 години работно искуство или завршена виша тренерска или факултет од областа на спорт |
| Курс за тренирање високо ниво на играчи – Ниво 3 (Coaching High- Performance Players Course – formerly Level 3) | Високо ниво на тренер за: Тренирање високо ниво на играчи – Ниво 3 (Master of Coaching High- Performance Players) | 70 поени/кредити и 7 години работно искуство или завршена виша тренерска или факултет од областа на спорт |

## 8. ПРИЗНАВАЊЕ НА НИВО НА ПРИМАРНА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

**Член 22**

На тренерите кои се имаат едуцирано во странство или имаат завршена едукација различна од таа согласно системот на едукација на ТФСМ може да им биде признаена со спроведување на следната постапка:

- Тренерот треба да достави писмено барање до Тренерскиот комитет на ТФСМ за признавање на нивото на примарната едукација или за континуирана едукација доколку аплицира за стекнување на лиценца или специјализација;
- Тренерот треба да приложи сертификат дека го има положено курсот за примарна едукација или доколку се работи за континуирана едукација сертификат за учество на семинар;
- Да достави резултати од курсот и информација за критериуми на оценување;
- Да достави програма по која ја има стекнато едукацијата со бројот на саати теоретски и практично;
- На барање на ТФСМ и евентуален превод од приложените документи.

**Член 23**

Признавањето на едукацијата го прави Тренерскиот комитет на ТФСМ кој ги разгледува и споредува приложените документи со системот на едукација на ТФСМ, а доколку се исполнети сите услови изработува соодветен документ и/или сертификат за признавањето на едукацијата.

## 9. ОДГОВОРНОСТ НА ТРЕНЕРСКИОТ КОМИТЕТ

**Член 24**

Тренерскиот комитет доколку работи спротивно на одредбите на овој правилник, Статутот и другите акти донесени од Собранието на ТФСМ или Управниот одбор на ТФСМ, а располага со точни податоци ќе биде отповикан.

**Член 25**

Во тренерскиот комитет не можат да бидат:
- лица кои со правосилна одлука се казнети за кривично дело со казна затвор во траење од најмалку шест месеци,
- лица кои не ги почитуваат овој правилник, Статутот и другите донесени акти на ТФСМ,
- членови на правното лице кои извршуваат дејност - организација на спортски обложувалници, како и лица кои таа дејност ја вршеле во претходните три години.

## 10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Толкување на овој правилник дава Управниот одбор на ТФСМ.

**Член 27**

Овој правилник стапува на сила од денот на донесувањето од Управниот одбор на ТФСМ.

**ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Александар Ивановски**

**Скопје, 15 Февруари 2021 година**